Проф. д-р Гордана Лажетиќ
д-р Невена Петровска
Проф. д-р Лазар Нанев

# АЛАТКА

# ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД НАСИЛСТВО ВО ДИГИТАЛНИОТ СВЕТ

Септември, 2020 година

# СОДРЖИНА

Предговор 5

## ДЕЛ I 7

ВОВЕДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ 7
1.1. Намена и цел на Алатката 8
1.2. Децата во време на интернет 10
- Карактеристики на дигиталното време - 10
1.3. Митови и вистини за дигиталното насилство 14
1.4. Придобивки и ризици за децата од користење на интернетот 17

## ДЕЛ II 20

ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ОДГОВОРИ И РЕЛЕВАНТНА ПРАВНА РАМКА 20
2.1. Воведни забелешки 21
2.2. ООН 22
2.2.1. Специјален известувач на Генералниот секретар на ООН за насилство врз децата 22
2.2.2. Меѓуресорска работна група за насилство врз децата 23
2.2.3. Документи на ООН 23
2.3. УНИЦЕФ (UNICEF) 24
2.4. Совет на Европа 25
2.4.1. Стратегија на Советот на Европа за правата на детето (2016-2021) 26
2.4.2. Комитет на Советот на Европа за компјутерски криминал 27
2.5. ЕУ 31
2.5.1. EU Kids Online 2020 31
2.6. ЕВРОПОЛ (EUROPOL) 32
2.7. КОВИД-19 кај децата и улогата на училиштето во пренесувањето на вирусот 33
2.8. Домашно законодавство 34
2.8.1. Кривичен законик 34
2.8.2. Закон за основното образование 36
2.8.3. Закон за средното образование 36
2.8.4. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 37

ДЕЛ III 39

СОЦИЈАЛНИ МЕДИУМИ И ФОРМИ НА ИНТЕРНЕТ КОМУНИКАЦИЈА 39

3.1. Вовед 42

3.2. Извештај за навиките на децата на интернет 42

3.2.1. Како функционира Интернетот? 43

3.2.2. Нови интернет концепти 44

3.2.3. Што е „чет“? 44

3.2.4. Што е форум? 45

3.2.5. Што е „блог“? 45

3.2.6. Што е мобилен телефон? 46

3.2.7. Опасности од „пријателите под маски“ 46

3.2.8. Начин на заштита 47

3.2.9. Популарноста на социјалните платформи 48

3.2.10. ДИСКОРД 49

3.2.11. Снепчет 51

3.2.12. Инстаграм 52

3.2.13. Твитер 54

3.2.14. Тамблр 55

3.2.16. Кик Месинџер 56

3.2.17. ТикТок 57

ДЕЛ IV 59

НАСИЛСТВО ВРЗ ДЕЦАТА ВО ДИГИТАЛНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ 59

4.1. Поим и дефинирање на дигиталното насилство 61

4.2. Карактеристики, форми на дигитално насилство и разлики со класичното насилство 63

4.3. Појавни облици на насилство преку интернет 67

4.3.1. Онлајн комуникација заради сексуална злоупотреба (grooming) 67

4.3.2. Демнење преку Интернет (cyberstalking) 69

4.3.3. Користење лажни профили со цел наштетување на жртвата (catfishing) 69

4.4. Траумата како дел од насилството на интернет 73

4.4.1. Поими и термини значајни за дигиталното насилство 74

ДЕЛ V 78

УЧИЛИШТЕТО И ДИГИТАЛНОТО НАСИЛСТВО 78

5.1. Воведни забелешки 79

5.2. Спроведено истражување 80

5.3. Превенција и заштита од дигитално насилство меѓу учениците во училиште и надвор од него 82

5.3.1. Програма за заштита на децата од насилство 88

5.4. Препознавање и откривање на дигиталното насилство меѓу учениците или насилство на дете од возрасен (педофилија) 89

5.4.1. Нивоа на насилство 89

5.4.2. Профил на деца-жртви - знаци на дигитално насилство 96

5.4.3. Кој е најсоодветен начин на реакција на наставникот/ стручниот соработник и како треба да разговара со учениците коишто се жртви на дигитално насилство? 99
5.5. Спречување, пријавување, помош и поддршка во третманот на детето-жртва и детето-сторител на дигитално насилство 102
5.5.1. Постапување со ученик-жртва на дигитално насилство 102
5.5.2. Профил на ученик-сторител на дигитално насилство 105
5.5.3. Профил на ученици-сведоци или ученици-набљудувачи на дигитално насилство 106
5.6. Улогата на државата и родителите во превенција, откривање и спречување на дигиталното насилство 106
5.6.1.Создавање на мрежа на заштита на децата од дигиталното насилство во рамките на заедницата 107
5.6.2.Зошто е важна соработката на институциите во системот? 108
5.6.3. Грижа за децата и родителството во ера на интернет 109

Совети за родителите/старателите за заштита на децата од дигитално насилство 110

ЗАКЛУЧОК 115

Користени извори (според редоследот на цитирање): 122

# ПРЕДГОВОР

Изработката на посебна „Алатка за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет“ се наметна како неопходна во услови на подолготрајна пандемија на корона вирусот, со наложени ограничувања во движењето, контактите, со нов начин на живот, нови облици на дигитална социјализација, но и поради ризиците коишто се мултиплицираат во т.н. „ново секојдневие.“

Алатката опфаќа многу аспекти коишто се поврзани со дигиталниот свет, децата изложени на ризици на интернет, дигиталното насилство, но и со придобивките од користењето на новите дигитални платформи, компјутерски програми, стекнување вештини и знаења и сл.

Меѓународните документи и домашното законодавство ги регулираат правата на децата во дигиталниот свет, како и формите за нивна заштита од ризиците коишто се понекогаш тешки за воочување, реагирање навреме, надминување на последиците и сл.

Со префрлување на сите активности во онлајн сферата на делување на секојдневно ниво се мултиплицираат можностите и случаите за насилство врз децата во дигиталното опкружување, за коишто немаме доволно информации.

Имајќи го предвид системот за заштита на децата од сите облици на насилство во услови на пандемија и зголемени случаи на домашно насилство, затворањето на училиштата и неможноста на децата да имаат пристап до психолошко-педагошките стручни служби коишто се обучени и вешти во препознавањето, пријавувањето и постапувањето по случаи кога ученикот е изложен на насилство (во домот, во училиштето, во случаи на врсничко насилство и сл.) само ја влошува состојбата и придонесува за зголемување на бројот на деца-жртви на насилство.

Особено е важно родителите и наставниците да бидат во чекор со технолошкиот развој бидејќи во спротивно генерацискиот јаз станува сѐ поочигледен и попродлабочен. Ваквата состојба оневозможува идентификување, препознавање на ризиците и преземање мерки за превенција, спречување или одговорност.

Меѓународните искуства („The State of the World’s Children 2017“) покажуваат дека постојат шест приоритетни активности за искористување на моќта на дигитализацијата од којашто имаат корист најзагрозените деца, но и за ограничување на опасноста којашто ги демне најранливите:

- √ на сите деца да им биде обезбеден прифатлив пристап до високо квалитетни интернет ресурси;
- √ заштита на децата од онлајн опасности – вклучувајќи ја и злоупотребата, експлоатацијата, трговијата, компјутерските напади и изложеноста на несоодветни материјали;
- √ заштита на приватноста и идентитетот на децата на интернет;
- √ дигитална писменост на децата за да бидат информирани, ангажирани и безбедни на интернет;

√ унапредување на етичките стандарди и практики поврзани со интернет што ги штитат децата и имаат корист од нив, како и

√ ставање на децата во центарот на дигиталната политика.

Агендата 2030 на ООН за одржлив развој ја посочува неопходноста од обезбедување синергија помеѓу Конвенциите од Будимпешта, Истанбул и Ланзарот со цел подигнување на свеста за одредбите на овие конвенции, нивно искористување во градењето капацитети и совети за земјите, воведување процедурални овластувања и средства за меѓународна соработка.

Препораката на Советот на Европа од 2018 година којашто ги содржи Упатства за почитување, заштита и исполнување на правата на децата во дигиталната средина ја подвлекува потребата од развивање и зајакнување на иницијативи и програми за подигнување на свеста коишто ќе им овозможат на децата да ја разберат и да се справат со потенцијално штетната содржина, потенцијално штетното однесување и потенцијалните последици од начинот на којшто информациите за деца или споделени од страна на децата можат понатаму да се шират.

Оттаму, авторите се убедени дека содржината на оваа Алатка ќе придонесе за збогатување на знаењата од областа на дигиталната сфера како кај наставниците, така и кај стручните служби во училиштата врз основа на што основано може да се очекува полесно препознавање на различните ризици од насилство, појавни облици на насилство и пронаоѓање на најсоодветни одговори и решенија за надминување на ваквите последици од насилство.

Скопје, август 2020 година — Од авторите

# Дел I

## ВОВЕДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

## 1.1. Намена и цел на Алатката

Современото општество се соочува со нов феномен на насилство врз децата по пат на информациско – комуникациска технологија или дигитално насилство. Од тие причини се наметнува потребата за создавање на ефикасни системи за превенција и заштита на децата, но и на адекватен третман и поддршка за оправување на децата коишто се соочиле со насилство во дигиталната сфера. Алатката за безбедност и заштита на децата од насилство во дигиталниот свет е наменета за наставниците, стручните лица во стручните служби во училиштата, односно: педагози, психолози, социјални работници или дефектолози односно специјални едукатори, воспитувачи и сите други лица кои работат на заштита на децата и младите од насилство, злоупотреба и занемарување.

Анализите покажуваат дека случаите на насилство преку интернет се зголемени за 70% во периодот помеѓу март и април 2020 година, токму во средината на пандемијата. Факт е дека времето поминато на интернет и можностите за различни облици на дигитално насилство се правопропорционални, односно повеќе време поминато на интернет создава повеќе можности за вознемирување, насилство и злоупотреба.[1]

Поради новиот начин на функционирање на образовниот систем, само 20% од злоупотребите се случуваат во рамките на училиштата, додека останатите 80% се однесуваат на злоупотреби на интернет. Пред да започне пандемијата, децата поминуваа многу време пред компјутер, а за време на пандемијата поголемиот дел го минуваа во своите домови или во други алтернативни форми за нивно згрижување постојано користејќи интернет којштo стана основен начин за учење, но и за комуникација, разонода, играње игри и сл.[2]

Важно е да се спомене дека податоците достапни за различни држави покажуваат дека состојбата по однос на родово базирано насилство во дигиталната сфера е следнава:

- во САД две од десет млади жени на возраст од 18-29 години биле сексуално малтретирани преку интернет и на една од две жени им биле испратени слики со експлицитна содржина;
- во Канада, една од пет жени изјавила дека била вознемирувана преку интернет
- во Франција, 15% од жените изјавиле дека искусиле некаква форма на сајбер вознемирување;
- во Европската унија, една од десет жени пријавува компјутерско вознемирување уште на 15 годишна возраст.

Седењето дома, ограниченото движење, рестрикциите се предизвик за менталното здравје и кај возрасните, а кај децата тоа може да е мултиплицирано. И оттука, ваквите околности водат кон ризик одредени деца својата фрустрација да ја манифестираат преку интернет, при што честопати нивните соученици стануваат цел, односно жртви. За жал ваквата состојба ја зголемува и мотивираноста на предаторите за злоупотреба и за насилство врз децата преку интернетот.

За време на вонредни услови, со цел да се заштити здравјето на луѓето од вирусот КОВИД–19 се зголеми потребата од заштита на децата од интернет насилство и безбедно користење на дигиталната технологија. За среќа, последните години, особено на меѓународен план се работи на регулирање на правата на децата во дигиталниот свет, а воедно и на развивање на вештини за конструктивно користење на интернетот и заштита од потенцијалните ризици и насилство.

1 https://www.pandasecurity.com/mediacenter/mobile-news/covid-19-cyberbullying/.

2 https://www.stopbullying.gov/resources/facts.

**Целите на Алатката за безбедност и заштита на децата од насилство дигиталниот свет се следниве:**

- **Придонес на наставниците и стручните лица во стручните служби во училиштата кои се вклучени во воспитно-образованиот процес на децата и младите за безбедноста на учениците на интернет и создавање услови и поддршка за нивно безбедно движење во виртуелниот свет, како и преземање на одговорност за сопственото однесување;**
- **Правилна употреба на интернетот со давање применливи насоки за наставниците;**
- **Поттикнување на наставниците и стручните служби да учат како правилно да се користат можностите на дигиталната технологија и интернетот, да се стекнат со знаење и да развијат вештини за дигитална писменост и дигитална компетенција;**
- **Поттик да продолжат да истражуваат за важноста, но и за ризиците кои со себе ги носи интернетот;**
- **Добивање одредени информации и совети на кој начин може да обезбедат и придонесат за безбедно и конструктивно користење на интернетот и дигиталните уреди од страна на децата во училиштето (превенција и интервенција);**
- **Споделување на добиените информации, знаења и вештини со децата и придонес за нивно дигитално описменување, како и помош во заштитата и безбедното користење на интернетот;**
- **Поттикнување соработка во рамките на училиштето – заеднички активности на наставници, ученици и родители, како и соработка со други институции и установи за безбедно користење на интернет;**
- **Развивање позитивни вредности согласно правилата за безбедност во дигиталниот свет и нивна практична примена.**

## 1.2. Децата во време на интернет - Карактеристики на дигиталното време -

Интернетот е најголем и неисцрпен извор на информации во историјата на човечката цивилизација, којшто придонесе кон целосна дигитализација на секојдневното функционирање на човекот.

Невозможно е да се одреди обемот на информации достапни на интернет во кој било момент бидејќи тие постојано се зголемуваат. Благодарение на брзите технолошки достигнувања, средствата за користење на интернет комуникација станаа евтини и достапни за сите.

Секојдневната комуникација сè почесто се одвива во онлајн просторот. Во овој период, со појавата на пандемијата на КОВИД-19 кога мерките за заштита предвидуваат физичка дистанца помеѓу луѓето - користењето на интернет услугите стана потреба, односно нивното користење се прошири во сите сфери во коишто досега воопшто ги немало или пак, се користеле само во одредена мера, како што е на пример: онлајн наставата за сите ученици и студенти, полагање на испити, работа од дома, плаќање на сметки, поднесување на документи во институции, е-трговија, е-купување и друго.

Трендот на социјалното поврзување од далечина предизвика промена во начинот на функционирање и дизајнирање на интернетот.

**Се појавија многу платформи од типот на Zoom, Skype, Google Classroom и други за одржување на онлајн состаноци, полагање на испити, коишто поттикнаа создавање митови за определени дигитални операции, постапки и последици што во основа се должи на недоволна упатеност, некомплетни сознанија, погрешни убедувања, како и несвесност за ризиците и последиците од активноста на социјалните медиуми, но и од дигиталното информирање, комуницирање и дејствување.**

Споредбено претставување на податоците во однос на интернетот во светот и во Република Северна Македонија (РСМ) за целосно разбирање на обемот на дигиталните активности, нивниот ефект, последиците, ризиците и можностите во табеларен приказ:[3]

| Во светот: | Во РСМ |
|---|---|
| √ 55% од населението во светот имало пристап до интернет во 2019 година;<br>√ 58,8 % од населението во Европа имало пристап до интернет;<br>√ Во Европа истата година 307.000.000 луѓе, меѓу кои и деца помлади од 13 години, имале профил на ФБ којашто е една од најпосетуваните веб – платформи;<br>√ Просечното време поминато на ФБ е 20 минути неделно, а 50% од лицата на возраст од 18 до 24 години на ФБ се вклучуваат веднаш штом ќе станат од спиење;<br>√ На ФБ дневно се објавуваат 300.000.000 фотографии;<br>√ На ФБ има 83.000.000 лажни профили;<br>√ Истражувањата на ниво на ЕУ покажуваат дека 1 од 3 Интернет корисници е дете;<br>√ Половина од корисниците на возраст од 11 до 16 години се соочиле со насилство на Интернет | √ Во 2019 год., 81,8% од домаќинствата имале пристап до интернет од дома;<br>√ 72,9% од населението го користело интернетот секој ден;<br>√ 81,4 % од лицата на возраст од 15 до 74 години користеле интернет;<br>√ 9% од децата дневно поминуваат повеќе од девет часа на интернет, 41,2% од два до пет часа, а 36,1% од децата поминуваат до 2 часа;<br>√ Само 8% од домаќинствата имаат инсталирано софтвер за родителска контрола;<br>√ 6% од лицата осудени за педофилија коишто се објавени во Регистарот се обвинети за следниве кривични дела: Прикажување на порнографски материјал на дете и производство и дистрибуција на детска порнографија (чл.193 и 193-а од КЗ на РСМ) |

3 Податоци преземени од: https://www.internetworldstats.com/stats4.htm; https:// zephoria.com/top-15-valuable-facebook; statistics/https://ec.europa.eu/education/education-in-the-eu/european-education area/ digital-education-action-plan-action-7-cybersecurity-in-education_en; http://www.stat.gov.mk/; https://aek.mk/; http://registarnapedofili.mk/;

# Тест за наставници

Проверете!

Колку знаете за дигиталното насилство врз децата

| Тврдење | Вистина | Мит |
|---|---|---|
| 1. Дигиталното насилство не може да го повреди детето и тоа е безбедно затоа што е дома на компјутер | | |
| 2. Дигиталното насилство помеѓу децата е нормално, тоа е начин да се пошегуваат, додворуваат, да изберат лидер... | | |
| 3. Децата знаат повеќе за интернетот од наставниците и родителите и затоа тие немаат што да ги научат од нив | | |
| 4. Децата не може да бидат сексуално злоупотребени преку интернет | | |
| 5. Објавувањето на фотографии од деца е можност децата да доживеат дигитално насилство | | |
| 6. Дигиталното насилство може да предизвика тешки емоционални последици кај децата, па дури постои и ризик од самоубиство | | |

Можете да ги споредите одговорите со вашите колеги и врз основа на тоа да отворите.